**З А П И С Н И К**
**од Сто и тринаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 28.12.2018 година**

**Скопје, декември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и тринаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 28.12.2018 година**

Седницата започна во 19:55 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваше и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување на Записникот од 110-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.12.2018 година

**А.МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Предлог-програма за изменување на Годишната програма со Финансиски план за 2018 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука

**б) Економски систем и тековна економска политика**

2. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за класификација на површинските води

3. Извештај за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, со Предлог-одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање на субвенциониран станбен кредит во 2019 година

**в) Политички систем**

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

4. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2019 година

5. Предлог-програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка и најтешка телесна инвалидност, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2019 година

6. Предлог-програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година

7. Предлог-програма за остварување на социјалната заштита за 2019 година

8. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2019 година

9. Предлог-програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2019 година

10. Предлог-програма за персонална асистенција на лица со попреченост за 2019 година

11. Информација за проектот „Вклучување на деца Роми во предучилишно образование“

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

**б) Политички систем**

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

**д) Други предлози**

12. Кадровски прашања

13. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

14. Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија за 2019 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

15. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан (објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.66/2018)

16. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан (објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.133/2018)

17. Предлог-закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси

18. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

19. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Православниот Богословски факултет „Св.Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“- Скопје

20. Предлог-одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2018 година

21. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Факултетот за Исламски науки - Скопје

*

*     *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 110-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.12.2018 година

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по Програмата за изменување на Годишната програма со Финансиски план за 2018 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука (нов текст), ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната програма со финансиски план за 2018 година.

**Точка 2**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за класификација на површинските води, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, со Предлог-одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање на субвенциониран станбен кредит во 2019 година, го усвои Извештајот и го донесе новиот текст на Одлуката за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2019 година, за наредната седница на Владата, поради дополнителни усогласувања.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка и најтешка телесна инвалидност, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2019 година, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за персонална асистенција на лица со попреченост за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Вклучување на деца Роми во предучилишно образование“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на градоначалниците на општините наведени во Табела бр.1 да го свикаат Советот на општината и да ја разгледаат можноста за ослободување од партиципација на 450 Ромски деца на возраст од три до шест години за престој во детските градинки, за периодот од 1.12.2018 до 31.12.2019 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во јануари и јуни 2019 година да ја информира Владата за имплементација на проектот „Вклучување на деца Роми во предучилишно образование“.

**Точка 12**

1. Владата го разреши Аксел Ахмедовски од должноста член на Комисијата за политички систем.

1.1. Владата го именува Музафер Бајрам, министер без ресор, за член на Комисијата за политички систем.

2. Владата го разреши Аксел Ахмедовски од должноста член на Комисијата за станбени прашања.

2.1. Владата го именува Музафер Бајрам, министер без ресор, за член на Комисијата за станбени прашања.

3. Владата го разреши Миодраг Стевановиќ од должноста вршител на должноста директор на Државната фитосанитарна лабораторија, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3.1. Владата го именува Седат Шазиманоски за вршител на должноста директор на Државната фитосанитарна лабораторија, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го разреши Елвин Хасан од должноста заменик директор на Државниот испитен центар, поради избор на друга функција.

Истовремено, Владата заклучи предлогот за именување на вршител на должноста заменик директор на Државниот испитен центар, да се разгледа на наредната седница на Владата.

**Точка 13**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Програмата за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/18) и ја утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлог-одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Усогласениот текст на Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/18) да го достави до Собранието на Република Македонија, со предлог да ја разгледа Собранието.

За претставници на Владата во Собранието се определени, м-р Радмила Шекеринска, заменичка на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 16

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан („Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/18) и ја утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлог-одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Усогласениот текст на Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан да се достави до Собранието на Република Македонија, со предлог да ја разгледа Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска, заменичка на претседателот на Владата на Република Македонија и министера за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерката за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 17

Владата го разгледа Предлог-законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министерка за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереник Мимоза Киковска, државна советничка во Министерството за правда.

Истовремено, Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси доставен до Собранието на Република Македонија, со писмо бр. 44-9884/1 од 2.11.2018 година.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Православниот Богословски факултет „Св.Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитет „Св.Кирил и Методиј" - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Факултетот за Исламски науки - Скопје, во предложениот текст.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 20:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**